## Гонџа од Скопје – Тереза од Калкута

Добитничката на Нобеловата награда за мир, како и на многу други награди и признанија, за своја најголема доблест го смета моментот кога некому помага. Гонџа Бојаџиу, во 1928 година станала дел од редот Лорето кој организирал мисионерски училишта во Индија, а на 24 мај 1931 година ја донела својата втора судбинска одлука и со сменила своето име во монашкото – сестра Тереза. Ова име го одбрала во чест на света Тереза од Авила, шпанска калуѓерка од 16-тиот век. Тереза од Авила или Тереза од Исус (1915-1582), шпанска писателка, калуѓерка, родум од Авила, која звршила реформа на кармелитскиот ред припаѓала на редот на таканаречените босоноги кармелити - римокатолички религиозни редови што водат потекло од испосниците од ридот Кармел во Палестина. Нејзините аскетско-мистични дела се сметаат за вредни споменици на шпанскиот јазик. Канонизирана, односно проглсена е за светица во 1622, а во 1970 година Католичката црква ја прогласила за учител на Црквата – doctor ecclesia.

Меѓутоа, во книгата за Мајка Тереза, издадена во САД од британската авторка Ана Себа, како и во книгата од индискиот автор Навин Чавла, пишува дека Гонџа не го зела името Тереза по шпанската Тереза од Авила, туку по француската калуѓерка која се викала Тереза Мартин, а на која во 1927 година Ватикан ѝ ја доделил титулата – сестра Тереза од Лисео. Оваа француска калуѓерка од редот на Кармелитите, која умрела од туберкулоза во 1897 година на 24-годишна возраст, водела едноставен живот посветен на молитви и мисионерство. Всушност, збрката се случила поради тоа што споменатата сестра Брен, која порано ги започнала и ги завршила подготовките за полагање на свечената заклетва (заветувањето) пред Гонџа веќе го имала земено името Марија – Тереза. Со цел да не се создава конфузија помеѓу нив, Гонџа ре-

шила името Тереза да го спелува на шпански начин, што придонело луѓето постојано да ја прашуваат дали таа го зела името од големата шпанска кармелитска калуѓерка.

Времето што младата сестра Тереза, а подоцна Мајка Тереза го минува во Индија, се години на турбулентни и опасни случувања во светот. За време на Втората светска војна, Јапонија ја окупира соседната држава Бурма, а Калкута станува дел од воените игрaрии. Во овој дел на Истокот, Калкута ќе биде центарот со чести воени маневри, дел од зградите биле заземени од воените власти. Во 1942, комплексот на манастирот Лорето, во местото Ентали (Entaly) бил претворен во привремена воена болница, додека училиштето Св. Марија било префрлено во зграда на улицата Конвент.

Воената состојба донела нови неволи и за градот и за неговите жители, транспортот бил речиси пресечен од сите страни, та дури и реката низ која од Бурма пристигнувале товарите со ориз. Снабдувањето со ориз било пресечено поради јапонската инвазија, со што се јавил недостиг на храна за десет проценти. Тогаш до храна најлесно се доаѓало на црниот пазар, но за тоа требале пари, што најголемиот дел од населението на Калкута ги немало. Уште пострашно било за приградските населби и селата, каде што буквално се гладувало. Во почетокот населението по селата ја продавало земјата, а кога ништо не им останало, за да опстанат и тие мигрирале во Калкута. Владата на Бенгал не успеала да се снајде во оваа исклучително тешка ситуација и никогаш не се дознал точниот број на сите оние што умреле од глад. Бенгалската влада соопштила бројка од два милиона луѓе, додека според други проценки оваа бројка е можно да биде двојно поголема, ако не и повеќе, а ужасот што гладта ја носела со себе, ниту денеска не е заборавен.

Во меѓувреме Индискиот национален конгрес постојано вршел подготовки за ослободување на Индија од британското владеење. Мохамед Караманд Ганди го предводел движењето што било мировно, а тој самиот станал апостол на ненасилството. Истовремено, покрај Конгресната партија, се

појавила и Муслиманската лига под водство на Мохамед али Јинах, кој исто како Ганди, бил адвокат по професија. Лигата барала од Британија поделба на Индија и посебна татковина за муслиманите што треба да се нарече Пакистан. На 16 август 1946, Муслиманската лига организирала масовен митинг во близина на центарот во Калкута, во паркот Мајдан. На митингот низ говорите исполнети со страст се најавило крвопролевањето помеѓу Хинду и Муслиманите. Четири дена и ноќи трагични настани го потресувале градот, а резервите со храна биле толку дотраени што Мајка Тереза првпат се соочила со стравотиите – двесте деца умреле од глад на нејзините раце.

Независноста на Индија го донесла и создавањето на Пакистан, а самата Индија била поделена на две провинции, на Пенџаб и на Бенгал, илјада милји одвоени една од друга. Сите овие настани ставиле свој печат врз одлуката на Мајка Тереза за да се посвети само на работата со најсиромашните. Заштитата на училиштата сместени во манастирот Лорето, секогаш заградени со едноставни но високи ѕидови, што ги делеле двата света еден од друг како светлосни години, не биле доволни за да ја скријат бедотијата и несреќата што ја согледала Мајка Тереза и која толку многу длабоко ја трогнала. Тоа само придонело засекогаш да му се посвети на тој свет во постојано умирање, а неа да ја направи апостол кој на тоа умирање ќе му дарува среќа.

- Тоа беше внатрешен порив, скриен повик да го напуштам Лорето каде што бев многу среќна. Да одам и да им служам на сиромашните низ улиците, - ќе раскаже Мајка Тереза години подоцна.

Таа го слушнала повикот на Господ на 10 септември 1946 година во возот што се движел кон Дарџелинг. За повикот на нејзиното повлекување од манастирот Лорето вели:

- Пораката беше сосема јасна. Тоа беше наредба, јас требаше да го напуштам манастирот. Чувствував дека Господ сака нешто повеќе од мене. Тој сакаше јас да бидам сиромашна и преку Него да ги сакам најсиромашните меѓу сиромашните.

Отец Селест ван Ексем бил белгиски езуит, експерт за арапски јазик и за муслиманската вероисповест кој едно време живеел со бедуините, го впивал нивниот дух, нивниот јазик и нивната култура. Тој исто така го студирал јазикот урду и стасал во Калкута во 1944 година со одредена цел да работи со муслиманите во градот. Тој заедно со двајца други професори се почувствувале повикани и барале место во Калкута каде што ќе можат да ги сместат нивните книги и од каде што би можеле да ја вршат нивната работа. Така нашле куќа близу до заедницата на Мајка Тереза, која тогаш им оставила впечаток на многу едноставна калуѓерка, многу посветена на својата работа, заинтересирана за сиромашните, но не и посебно впечатлива.

Отец ван Ексем со неа ќе стане добар пријател. Тие со години ќе соработуваат и тој добро ја запознал и Мајка Тереза и нејзината работа, а нејзината определба да им се посвети на најсиромашните ќе ја објасни така што ќе рече дека за неа тоа не било визија, туку комуникација која стигнала во форма на инспирација. Таа јасно почувствувала дека мора да го напушти Лорето и да започне своја сопствена работа. И не зажалила поради тоа ниту за миг. Од самиот почеток била апсолутно сигурна дека е на вистинскиот пат и дека тоа е нејзината определба. Отец ван Ексем, како и многу други, бил духовен советник на Мајка Тереза, кој ќе ја подучува и ќе и даде поддршка за да се обрати до Рим барајќи дозвола за започнување на своја мисија, и тоа како калуѓерка.

Тој за почетоците на самостојната работа на Мајка Тереза ќе раскаже дека таа ја почувствувала сиромаштијата многу порано од 1946 година. Особено во текот на 1942 и 1943, за време на големите преселби, кога луѓето масовно гладувале и така изгладнети лежеле низ улиците. Мајка Тереза ја познавала сиромаштијата што владеела низ улиците, но тогаш немала намера да го напушти манастирот, бидејќи сакала да работи само како сестра на Лорето. Таа често ја објаснувала својата одлука да го напушти манастирот како втор повик, повикот таа и понатаму да остане калуѓерка, но да ја смени работата.

- Јас не мислев да се откажам од ништо - од сопствената определба, од моето припаѓање на Исус. Тоа не се измени. Јас само го сменив значењето содржано во служењето на најсиромашните меѓу сиромашните. Иако, заминувањето од Лорето беше големо жртвување, - признава таа. Тоа беше најтешката работа што ја имав направено кога и да е. Тоа беше најголемото жртвување, поголемо од она што го напуштив моето семејство и мојата земја, и да се определам за религиозниот живот.

По напуштањето на манастирот и сигурноста што тој и ја нудел, опишувајќи ги тешкотиите со кои се соочувала таа ќе забележи: „Имав чувство дека доживувам бродолом во океан полн со болка и со очај. Господинот сакаше да бидам чесна сестра под закрила на сиромаштијата. Но денес стекнав добра поука. Бедата на сиромашните, мора да им е многу тешка. Ми требаше покрив за да можам да ги засолнам најзапуштените. За да го пронајдам, одев и одев толку долго додека сосем не снеможев. И рацете и нозете ми се тресеа. Сега можам да разберам како им е на сиромашните, колку мора да ги боли и душата и телото додека бараат каде да се сместат, додека бараат храна или лекови.Тогаш се сетив на удобноста што ми ја даваше манастирот Лорето. Тоа беше искушение. Да се истрае или да се вратам? Да се остане и да се работи, но што и од каде да почнам?"

Гласот и зборувал: „Оди, служи им на најсиромашните меѓу сиромашните, без разлика на расата или на верата. Служи им и во нив препознај го Господ кој трпи! Барај сиромашни по патиштата и тротоарите, по пазарите, пештерите и темните дупки. Ден и ноќ биди меѓу нив, за нив и со нив, и покрај смрдеата на бедата и на смртта." Убедена дека овие пораки и се пратени од гласот на Господа, Мајка Тереза ќе работи водена од мотото: „Никој од мене не смее да се оддалечи, а да не се почувствува посреќен и подобар. Премалку би добивале кога би им давала само лек, а не би им го давала своето срце!"